# СОФТВЕР ЗА ВИНАРИИ



Македонија е земја која има идеално сончево поднебје за гроздови насади и изобилство од прекрасни гроздови плантажи. Последните години забележано е зголемување на производителите на вино и овој тренд позитивно се рефлектира врз севкупната економија на државата, а истовремено сè повеќе Македонија добива епитет како извор на прво-класно вино. Македонските вина сè повеќе и повеќе се бараат на европскиот пазар. Како неминовност се јавува потребата од специјализиран софтвер наменет само за винарии и кој тимот на Семос веќе го имплементира во неколку винарски компании во Македонија. Софтверот како алатка за успешно управување со Вашата компанија овозможува: целосно следење на процесот на производство на вино, целосна анализа и контрола на потрошениот материјал, планирање на трошоците, водење и архивирање на податоците на едно место, генерирање на извештаи по потреба и во секое време. Следејќи ги специфичностите во процесот на производство кај винариите, меѓу другото, софтверот, исто така, овозможува: евиденција на откуп на грозје, евиденција на катастарски парцели, ХАЦЦП систем, налози за флаширање на вино, анализи на потрошени суровини на производство, извештаи за просечна шеќерност на прием на грозје, поврзување на прием на грозје со автоматска вага и со уреди за мерење на Ph шеќерност, алкохол, екстракт и сл., како и лабораториски анализи по претходно дефинирани карактеристики и преглед на истите. Користејќи го ова софтверско решение, винариите ги минимизираат трошоците, трошат значително помалку време на архивирање на податоци, а многу повеќе време на зголемување на продуктивноста.

